Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

Број 536 www.mchamber.mk 30.6.2023

# ВО „ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ“ УСПЕШНО СЕ РЕАЛИЗИРА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА И ФЕРИЈАЛНАТА ПРАКСА НА ПРВАТА ДУАЛНА ПАРАЛЕЛКА ОД СОУ „КИРО СПАНЏОВ-БРКО“ КАВАДАРЦИ





Работна средба на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори со вицепремиерот Фатмир Битиќи

**ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС КЛИМАТА**



На работен состанок во „Брако“,

**СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА МЕТАЛНА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА**

## КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОМОРАТА

04.07.2023, Семинар
Зачувување на психолошката и физичката способност на вработените, справување со промени и стрес, враќање на работа после повреда и надоместок

06.07.2023, Саем
Учество во купувачка мисија и посета на: 16. Меѓународен саем за преработка на храна и технологии во прехранбената индустрија „Foteg Istanbul 2023“

06.07.2023, Семинар
Iso 9001:2015 & iso 22000:2018 – стандард за квалитет и безбедност на храна

12.07.2023, Семинар
Сајбер-безбедност и заштита на податоци

25.07.2023, Online бизнис средби
Конференција и деловни средби „connecto 2022“- интера-технолошки парк, Мостар, БиХ

10.10.2023, Брокерски настан
Билатерални деловни средби „green days“ во рамките на саемот за животна средина и енергија „pollutec“ во Лион, Франција

24.10.2023, Online бизнис средби
“Energy business meetings at omc 2023”-деловни средби за енергетика Равена, Италија

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

GRANIT, EVN, vitaminka, T, IGM trade, Gulf, МЕПСО, NLB Banka, ПЕКАБЕСКО, КОЖУВЧАНКА, nextsense, MERMEREN Kombinat

СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, CROATIA OSIGURANJE, HALKBANK, СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ, Duna, Comodita HOME, seavus

СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, Swisslion, COLENCO, VEZESHARRI, AllianceOne




Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## НА РАБОТЕН СОСТАНОК ВО БРАКО, СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА МЕТАЛНА И ЕЛЕКТРОИНДУСТРИЈА



Работна посета во Брако - Велес со г-дин Орце Давчев, Претседател на Здружението за ментална и електроиндустрија при Стопанската комора на Северна Македонија, и Марта Наумовска Грнарова, управител на Завар Компани, со заеднички планови за идните активности.

Во рамки на работниот состанок г-дин Давчев и г-ѓа Грнарова истакнаа заедничките планови и визии за идните активности на Здружението во областа на промоција на нови технологии, проширување на пазарот и активности во образованието на младите инжинери.

Во текот на посетата, домаќинот Брако - Велес ги претстави најновите технологии и иновации во областа на металната и електроиндустрија, што и обезбедува на компанијата во оваа индустрија конкурентна предност на македонскиот пазар. Гостите имаа можност да се запознаат со најдобрите практики и искуства на успешни компании во секторот, како и да разговараат со стручните тимови за идни проекти и иницијативи.

Се разговараше и за конкретни планови за идните активности и намера за поинтензивна соработка. Крајната цел е поддршка на растот и развојот на индустријата, како и обезбедување повеќе можности за младите професионалци да стекнат релевантни вештини и знаења.

# ОДРЖАНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ОД НАОДИТЕ НА ТЕМА: „ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ОТВОРЕН БАЛКАН-ИОБ“



Центарот за економски анализи- ЦЕА во соработка со Стопанската комора на Северна Македонија, денес во просториите на Комората, пред претставници од бизнис заедницата одржа презентација на наодите од едногодишен проект насловен: „Оценка и насочување на потенцијалите на Иницијативата Отворен Балкан-ИОБ“.

За цели на проектот, група на независни експерти од шесте држави од регионот работат на мапирање на соработката и координацијата помеѓу државите од Отворен Балкан како и на анализа на територијалните предизвици, потребите и потенцијалите на земјите од Западен Балкан. Друга тема на истражување е и можниот административен јаз кој потенцијално ја намалува ефикасноста на постигнување на целите на Иницијативата Отворен Балкан за бизнис заедницата во текот на имплементација на договорите кои се произлезени од Иницијативата Отворен Балкан.

На настанот беше истакнато дека меѓу земјите-учеснички во Иницијативата постои силна поддршка и истата нуди новини за регионална економска интеграција како што се: слободно движење на стоки особено во делот на безбедност на храна и прехранбени производи,



интеграција за системи на наплата (M-tag); слободно движење на услуги во делот на туризмот, културата, кинематографијата и аудиовизуелната уметност; слободно движење на луѓе и работници обезбедувајќи пристап до пазари на труд, електронска идентификација на граѓани и пристап до е-услуги), како и во други области на соработка, вклучувајќи соработка меѓу даночни органи, граѓанска и заштита на животната средина, како и енергетиката и рударството.

По направените анализи, студијата покажува дека и покрај досегашните напори, природата на меморандумите за соработка и оперативните планови е необврзувачка, што води до отсуство на стратешки план и институционална рамка за имплементација на иницијативата. Поради тоа, потреба е поголема ангажираност од Владите на трите земји за побрза ратификација на усвоените договори во рамки на Иницијативата.

Од анализата, на настанот беше заклучено дека со цел побрза и поефикасна имплементација на Иницијативата потребно е да се работи на забрзување на имплементацијата на билатералните и мултилатералните договори кои ја олеснуваат регионалната соработка и интеграција; подобрување на целокупната транспарентност за зголемување на одговорноста и за избегнување негативни перцепции во рамките на ИОБ и надвор од ИОБ; земање предвид развој на управувачка структура кој ги опишува координацијата, имплементацијата и следењето на функциите и одговорностите на регионално и на национално ниво, како и развивање на подобро разработена визија на ИОБ за регионална економска интеграција на патот кој интеграцијата во ЕУ на Западен Балкан и подобрување на надлежноста на иницијативата со среднорочен план за развој.

Тимот на експерти кои работат на овој проект го сочинуваат Мерита Тоска од Албанија, Аднан Черимагиќ, Босна и Херцеговина, Рамадан Иљази, Косово, Институт за претприемништво и економски развој, Црна Гора, Центар за економски анализи- ЦЕА и Стефан Ристовски од Северна Македонија и Центар за напредни економски студии од Србија.



# НЕМА НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СТАНОВИТЕ, ИАКО ЦЕНИТЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ МАТЕРИЈАЛИ СЕ СТАБИЛНИ, ЗБИР НА БРОЈНИ ФАКТОРИ СО ВЛИЈАНИЕ НА ТРЕНДОТ НА ЦЕНИТЕ НА СТАНОВИТЕ




***ЗА BLOOMBERG ADRIJA, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЖНИШТВО, ИНДУСТРИЈА НА ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И НЕМЕТАЛИТЕ, ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АНДРЕА СЕРАФИМОВСКИ***

И покрај стабилизацијата на цените на градежните материјали во државата, особено на атрактивните локации во Скопје, не може да се очекува пад на цените на становите, вели во интервју за „Блумберг Адрија“ претседателот на Здружението за градежништво, индустрија на градежни матрија и неметалите при Стопанската комора на Северна Македонија, Андреа Серафимовски.

Тој вели дека причина за тоа се скапата работна рака и комуналиите, но и побарувачката, која, и покрај затегнувањето на монетарната политика, и натаму е висока.

„За креирање на цената на станбен простор или деловен простор во голема мера има удел работната рака. Ако видиме статистички податоци од минатата година до оваа година прв квартал, ќе видиме дека од минатата година во првиот квартал до оваа година платите пораснале за 36 отсто, што значи дека сега моменталната нето-плата е некои 36.500 денари во високоградбата, што многу значи, особено за цената на станбениот квадрат. Од друга страна, се соочуваме со поскапување на комуналиите на станбените единици, особено во општините што се атрактивни за купувања, на пример во Општина Центар или Град Скопје можеме да забележиме дека трошокот за комунални давачки, кој лани беше 110 евра, сега е 180 евра. И трета работа што ни се случува внатрешно и независно од некои текови е зголемувањето на процентот на исплаќање на сопствениците на парцелите, кој се движеше од 20 до 30 отсто во изминатите 12-15 години, за кои имавме голема трансакциска активност, од ковид-кризата наваму тој процент се зголеми за 10 отсто и сега изнесува од 30 до 40 отсто. Ако на сето ова го додадеме фактот дека има голема побарувачка во општините во кои има голема трансакциска активност и се очекува да има уште поголема, како во Општина Карпош или Општина Центар во Скопје, и ако видиме дека главниот елемент на тоа како се креира цената, а тоа е дали има побарувачка или има поголема понуда, кај нас има поголема побарувачка, така што во моментов не можеме да сметаме на никакво намалување на цените, можеме да сметаме само на стабилизација на градежните производи и материјали, што во моментов и се случува, и да добиеме некоја стабилизација на некое ниво што ќе ги отслика реалноста и регионот во кој живееме“, вели тој.

Како причина и за поголемата побарувачка од понудата и високите цени, Серафимовски ги посочува и мораториумите на некои од ДУП-овите.

На прашањето, пак, дали вложувањето во недвижности е исплатлива инвестиција во моментов, Серафимовски вели да, доколку внимателно се изберат вредноста и квалитетот на недвижноста.

„Се исплати ако процените дека недвижноста вреди. Во моментов има голема разноликост на цени, но не и на квалитет. Квалитетот што се нуди на пример во Општина Центар во моментов има некоја разлика од 10 до 20 отсто во изградбата, а цените варираат и до 50 отсто. Така што може да најдете стан и од 1.500 евра и од 2.300 евра. Разликата во цената не ја отсликува разликата во квалитетот. Сега е моментот граѓаните да проценат во што вложуваат. Секое вложување во недвижност што вреди, се исплати“, вели Серафимовски.

# Работна средба на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори со вицепремиерот Фатмир Битиќи
# ПРЕЗЕНТИРАНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БИЗНИС КЛИМАТА



Новиот состав на Управниот одбор на Советот на странски инвеститори оствари работна средба со вицепремиерот за економски прашања, Фатмир Битиќи, на која дискутираа за актуелните економски состојби и предложија решенија за подобрување на условите за водење бизнис во државата.

Вицепремиерот Битиќи истакна дека секогаш со внимание ги слуша забелешките на инвеститорите и е отворен за забелешки за тоа како да се подобрат условите за работењето на компаниите. „Нашите напори одат во правец на поддржување на економијата преку процес на консултација и заедничка соработка со бизнис заедницата, што е многу значајно за нас како Влада“, рече вицепремиерот Битиќи.

Претседателот на Советот на странски инвеститори и генерален директор на Костал Македонија, Виктор Мизо посочи дека е особено важно Советот на странските инвеститори да биде вклучен во креирањето на економските политики и во следењето на нивната имплементација, што ќе овозможи и соодветно, навремено и оптимално планирање на деловните одлуки на странските



инветитори во земјата, бидејќи само така може да се очекува зголемен економски раст и развој.

На денешниот состанок беа презентирани клучните иницијативи и предлози на странските компании, со цел олеснување на работењето во врска со прашањата поврзани со даночната регулатива, усогласување на царинските стапки до ниво на ЕУ за дополнителни тарифни ознаки за увоз на суровини и репроматеријали, одливот на стручен кадар од земјава, финансиската поддршка на инвестициите од страна на државата и можноста за подобрување на определени законски решенија во оваа област, превод на меѓународните стандарди за финансиско известување и ред други теми што би ги подобриле условите за водење бизнис во државата.

Присутните претставници од Советот на странски инвеститори го изразија нивното задоволство од состанокот, при што беше заеднички констатирано дека партнерскиот однос и комуникацијата меѓу приватниот сектор и државните институции е клучна и само мерки кои се носат преку суштински консултации и заемен дијалог носат вистински резултати.

Советот на странски инвеститори кој е основан во 2006 година во рамките на Стопанската Комора на Северна Македонија претставува глас на деловната заедница, формиран со цел националната економија да стане попривлечна за инвестирање преку поедноставување на деловното работење и поголема предвидливост на бизнис климата. Промовирањето на деловната етика и високите начела за корпоративно управување се исто така на врвот на агендата на Советот на странски инвеститори.

Во моментот во Советот на странски инвеститори членуваат повеќе од 120 компании со странски капитал во земјата.



# ВО „ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ“ УСПЕШНО СЕ РЕАЛИЗИРА УЧЕЊЕТО ПРЕКУ РАБОТА И ФЕРИЈАЛНАТА ПРАКСА НА ПРВАТА ДУАЛНА ПАРАЛЕЛКА ОД СОУ „КИРО СПАНЦОВ-БРКО“ КАВАДАРЦИ



Учениците од втора година, од првата дуална паралелка, за квалификацијата металуршки техничар од СОУ „Киро Спанцов-Брко“ Кавадарци, успешно ја комплетираа програмата за учење преку работа во компанијата „Еуроникел Индустри“ од Кацвадарци. Во текот на учебната 2022/2023 година, под менторство на тимот од „Еуроникел Индустри“, составен од инженери, техничари и координатори, учениците учеа во автентична работна средина и опкружување, и на конкретни задачи, соодветно на секторот и квалификацијата/образовниот профил. На тој начин се оспособуваат за побрзо и конкурентно наметнување на пазарот на трудот во техничките струки, веднаш по завршување на средното образование.

Во месец јуни, сите ученици ја завршија и феријалната пракса,  а компанијата им додели Сертификати за успешно завршена практична настава и феријална пракса. Од следната учебна година, „Еуроникел Индустри“ ќе ја продолжи практичната настава и доедукација на техничките струки на учениците од трета година, како и на новата генерација на дуална паралелка, која исто така ќе започне со практична настава.

Компанијата „Еуроникел Индустри“ од Кавадарци како дел од својата општествено одговорна функција со активно учество го поддржува проектот за дуално образование и учење преку работа, како и реализација на феријална пракса за голем број технички струки, за средно, но и за високо образование. Поддршката произлегува од потребата за вложување во едукација на кадри и технички профили што е од исклучителна важност за индустријата и националната економија во целост.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**Семинар 04.07.2023**

# ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПСИХОЛОШКАТА И ФИЗИЧКАТА СПОСОБНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ, СПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ И СТРЕС, ВРАЌАЊЕ НА РАБОТА ПОСЛЕ ПОВРЕДА И НАДОМЕСТОК

Концептот на „работна способност" е од суштинско значење за многу науки, особено за оние што се однесуваат на работниот век и на рехабилитацијата, така што претставува еден од важните концепти во законодавството. Формите за заштита на работникот на работното место се пропишани во Законот за безбедност и здрваје при работа. Од содржината на одредбите на овој закон може да се извлече заклучок дека на полето на заштитата на вработените, пропишани се современи правни решенија. Проблемот на заштита при работа е огромен, бидејќи несреќите на работа се многу чести, а некои од нив имаат и фатален исход, односно завршуваат со смртен исход. Во дефинирањето на работните способности задолжително има улога и работното опкружување. Работно опкружување е важен чинител во обезбедување на соодветни работни услови, но и поширокото општествено опкружување преку кое се создава, или не создава нормативна рамка и поддршка за лицата со намалени способности. Овие дефиниции ни даваат алатки за разбирање и дискутирање на сложените, холистички и динамички аспекти на работната способност. Тие можат да ги постават темелите за создавање на инструменти за проценка на работната способност, како и да помогнат во формулирање на стратегии за рехабилитација.

Стресот на работното место е специфичен вид стрес, а неговиот извор е во работната околина. Тоа е реакција кога луѓето се изложени на барања и притисок кои не се во согласност со нивните знаења и способности. Може да се дефинира и како значајна нерамнотежа помеѓу барањата и способноста да се задоволат истите, во ситуациите кога неуспехот заради тие барања има значајни последици врз вработените. Светската здравствена организација проценила дека менталните болести, кои вклучуваат и нарушувања поврзани со стресот ќе бидат вторите причинители за работната неспособност, односно веднаш зад хроничните заболувања (како на пример, кардиоваскуларните болести).

Предавачи:

- Проф. д-р Елисавета Стикова, доктор по медицина на труд
- Д-р Илчо Ефкоски, специјалист доктор по медицина на труд
- Д-р Ѓорги Јанев, специјалист доктор по медицина на труд

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Саем 06.07.2023 - 08.07.2023**

# Учество во купувачка мисија и посета на: 16. Меѓународен саем за преработка на храна и технологии во прехранбената индустрија „FOTEG ISTANBUL 2023"

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со „Joudy Group International„ Ве покануваат да земете учество на претстојната купувачка мисија и посета на 16. Меѓународен саем за преработка на храна и технологии во прехранбената индустрија- „FOTEG ISTANBUL 2023".

Купувачката мисија е наменета за компании што се занимаваат со производство на:

газирани и негазирани пијалоци;
млеко и млечни производи;
месни производи;
конзервирана храна;
мешунки, овошје и зеленчук,

како и комапнии кои се дел од:

синџирите за снабдување;
складирање и дистрибуција;
пакување (печатње, етикетирање и др);
автоматизација и контрола во прехранбениот сектор.

Во рамките на овие купувачки мисии планирано е и остварување на билатерални средби со турски компании – извозници, на база на однапред договорени средби (match-making). Работен јазик е англиски.

Во купувачката мисија можат да учествуваат компании кои се заинтересирани за увоз и директна соработка со Турције и кои претходно не учествувале во вакква мисија.

Стопанската комора на Северна Македонија на учесниците им обезбедува: бесплатно хотелско сместување- 2 ноќевања (6-8 јули) во хотел со 5* (Gorrion Hotel Istanbul), трансфер ( хотел - саем - хотел ), влезници за саемската манифестација.

Контакт лица:
м-р Сања Николова
++ 389 2 3244091, М. 071 230 452
sanja@mchamber.mk

Семинар
06.07.2023

# ISO 9001:2015 & ISO 22000:2018 – СТАНДАРД ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА

Стопанската комора на Северна Македонија на 6 јули 2023 година (четврток) организира специјалистички еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: ISO 9001:2015 & ISO 22000:2018 – СТАНДАРД ЗА КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА.

ISO 9001 е меѓународно признат стандард кој обезбедува рамка за имплементација на систем за управување со квалитет и обезбедува можност за организациски перформанси во однос на квалитетот на производот и услугите. Стандардот обезбедува збир на принципи кои обезбедуваат логички пристап за управување со бизнис активности за постојано постигнување на задоволството кај клиентите.

Ги специфицира условите за управување со квалитетот, при што организацијата треба да ја процени и покаже својата способност да обезбедува производи или услуги кои ги задоволуваат потребите на клиентите и важечките законски регулативи, а со тоа и да го зголеми нивното задоволство.

Системот за управување со безбедноста на храната ги дефинира барањата кои им овозможуваат на организациите да ги контролираат ризиците за безбедноста на храната долж целиот синџир на производство на храна. Стандардот обезбедува меѓународна хармонизација во областа на стандардите за безбедност на храната, нуди алатка за имплементација на HACCP (Hazard Analysis and Critical Control Points) низ целиот синџир на снабдување со храна.

Семинарот е наменет за менаџери, шефови, лидери или вработени, одговорни за примена на барањата на стандардот во сите аспекти на бизнисот на организацијата.

Предавач: Игор Ќика, дипломиран инженер по менаџмент и консултант за менаџерски системи, директор на PDCA KONSALTING, ДОО Нови Сад, водечки стручен консултант за проектирање и имплементација на ISO 9001:2015; ISO 14001:2015; ISO/IEC 27001:2013; ISO 20000-1:2018; ISO 22301:2012; ISO 31000:2018; ISO 37001:2016, GDPR во повеќе организации во Србија, Црна Гора и БИХ, воедно и менаџер за проценка на ризик во работењето на основа на ISO 31000. Поседува 15 годишно искуство како директор на логистика во различни организации (Застава промет Сомбор – автомобилска индустрија), Генел – бренд Хаусел и застапник на Elektrolux, Zannusi, Indesit уреди за Србија, STAV – овластен дистрибутер Samsung за Србија и Црна Гора.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
12.07.2023

# САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука, несомнено се наметнува потребата од фокус врз дигиталната безбедност и врз навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците, за да се спречи одреден настан кој би имал негативен исход врз работењето на компанијата.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 12 јули 2023 година организира „онлајн“ семинар на тема „САЈБЕР-БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ“.

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците да се здобијат со основни и со напредни знаења и вештини за управување со информациската безбедност и со заштитата на податоци, како и со актуелните ИТ-закани со кои можат да се соочат сите деловни субјекти. Семинарот овозможува учесниците постепено да се запознаат со ИТ-безбедноста и со чекорите што треба да се преземат за превенција и за заштита, како на ниво на компанија така и на индивидуално ниво.

Семинарот е наменет за ИТ-менаџери во компании, за раководители и вработени во ИТ-сектори кои се задолжени за развој на софтвер, тестирање на функционалности и за квалитет на софтверот, како и за ИТ-поддршка; за ИТ-сервис менаџери и за ИТ-проектни менаџери, за вработени во службите за безбедност на информациските системи, за интерни и екстерни ревизори, за вработени кои работат на развој на софтвери, како и на деловни и клиентски апликации, за лица задолжени за креирање и за контрола на ИТ-договорите и за следење на ризикот над екстернализираните ИТ-процеси, за вработени кои работат на развој на софтвер, за вработени во деловните сектори кои сакаат да го зголемат нивото на контрола над своите ИТ-процеси, како и за оние кои се занимаваат со развој на нови услуги преку дигитализација на работењето (електронски бизнис, мобилни услуги и сл.); за оние кои имаат потреба од заштита на информации за клиентите и за деловното работење поради висок степен на одговорност, регулаторни барања и на ризици во секојдневното работење.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Online Бизнис средби 25.07.2023 - 27.07.2023**

# КОНФЕРЕНЦИЈА И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ „CONNECTO 2022“- Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ, 25-27 јули 2023 година (хибриден настан)

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со ИНТЕРА-Технолошки парк, Мостар, БиХ и во рамки на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканува да земете учество на претстојната конференција и деловни средби на тема: CONNECTO 2022 што ќе одржат во периодот од 25-27 јули 2023 година во Интера-Технолошки парк, Мостар, БиХ. На 25 јули 2023 година ќе биде со физичко присуство додека од 26-27 јули 2023 година билатералните средби ќе бидат онлајн.

Настанот претставува одлична можност да се воспостават контакти со партнери, клиенти и добавувачи од Босна и Херцеговина, регионот на Западен Балкан и од светски рамки.

CONNECTO 2023 претставува платформа за вмрежување меѓу бизнис дијаспората од БиХ и претприемачи од БиХ и регионот на Западен Балкан со фокус на индустријата и производството во сектори како што се:

- Металургија и обработка на метали
- Метални делови и делови за автомобилската индустрија
- Машини, опрема и алати/калапи
- Електрични елементи (кабли, прекинувачи, приклучници)
- Пластични производи
- Врати и прозорци
- Мебел и дрвени производи
- и сите други индустриски и производствени активности

Учеството на настанот е бесплатно. Целата програма ќе биде подеднакво видлива и достапна за посетителите на локацијата и за оние кои учествуваат онлајн. Настанот ќе се одржи во просториите на Технолошкиот парк ИНТЕРА како и на онлајн веб платформата. Официјални јазици ќе бидат на англиски, босански, хрватски и српски јазик.

Регистрацијата е отворена до 25 јули 2023 година на следниот линк: https://connecto.ba/signup.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk



**Брокерски настан 10.10.2023 - 13.10.2023**

# Билатерални деловни средби „Green Days“ во рамките на Саемот за животна средина и енергија „Pollutec“ во Лион, Франција

Стопанската комора на Македонија, во соработка со ЕЕН - Европската мрежа на претприемачи од Лион, Франција, Ве поканува да земете учество на претстојните билатерални деловни средби „Green Days“ во рамките на Саемот за животна средина и енергија „Pollutec“ што ќе се одржи во Лион Франција од 10-13 октомври 2023 година.

Саемот „Pollutec“ е најголемиот меѓународен саем за животна средина, еколошка и енергетска опрема, технологии и услуги, опфаќа 10 сектори од областа на животната средина, енергетиката и циркуларната економија: отпад, вода, енергија, инструментација - метрологија – анализа, управување со ризици, одржливи градови, биодиверзитет и др.

„Green Days“ е официјален деловен настан организиран во рамките на Саемот „Pollutec“, во соработка со ЕЕН - Европската мрежа на претприемачи, а истиот е наменет за: мали и средни претпријатија; истражувачки центри; агенти; дистрибутери; финансиски друштва; изложувачи и посетители.

Сите компании, заинтересирани за учество на деловните средби, треба да се регистрираат на следниот линк: https://green-days-pollutec-2023.b2match.io/.

Рокот за регистрација е најдоцна до 30 септември 2023 година, почнувајќи од 30 јуни 2023 година.

**Учеството на настанот е бесплатно.**

Откако ќе се регистрирате, ќе може да закажете деловни состаноци преку платформата за закажување и одржување на состаноци/видео конференции, со тоа што сами ги договорате билатералните состаноци со компании од Ваш интерес. Претходно договорените сесии се со времетраење од околу 20 минути, кадешто учесниците ќе можат да воспостават комуникација и да најдат нови деловни партнери.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100
години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088